Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**
**ЗА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за Судскиот совет на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 мај 2006 година.

Број 07-1962/1
10 мај 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Основање

Член 1

Со овој закон се уредуваат постапката за изборот на Судскиот совет на Република Македонија, начинот на остварување на неговите функции и начинот на работа и одлучување.

### Цел на основање

Член 2

Судскиот совет на Република Македонија (во натамошниот текст: Советот) е самостоен и независен орган на судството. Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите.

### Политичко дејствување

Член 3

Се забранува политичко организирање и дејствување во Советот.

Членовите на Советот во вршењето на функциите на Советот не смеат да остваруваат партиска активност.

Советот со својата работа оневозможува политичко влијание во судството.

## Статус на Советот

Член 4

Советот има својство на правно лице.

Седиштето на Советот е во Скопје.

## Печат на Советот

Член 5

Советот има печат.

Печатот го содржи името Република Македонија, грбот на Република Македонија, називот и седиштето на Советот.

На зградата во која се наоѓа седиштето на Советот се истакнува називот и седиштето, грбот и знамето на Република Македонија.

II. СОСТАВ И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ

## Состав на Советот

Член 6

Советот е составен од 15 члена, од кои:

- по функција членови на Советот се претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и министерот за правда,
- осум члена на Советот ги избираат судиите од своите редови.Тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, при што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници,
- тројца членови на Советот ги избира Собранието на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија и
- двајца членови на Советот предлага претседателот на Република Македонија, а изборот го врши Собранието на Република Македонија, од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

## Мандат на членовите на Советот

Член 7

Мандатот на избраните членови трае шест години со право на уште еден избор.

На претседател на Врховниот суд на Република Македонија и на министер за правда со престанок на функцијата им престанува и мандатот во Советот.

Мандатот на член кој е избран на дополнителни избори, поради предвремен престанок на мандатот на член на Советот на чие место е избран, трае шест години.

## Претседател на Советот

Член 8

Со работата на Советот раководи претседател.

Претседателот на Советот се избира од редот на членовите на Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови со тајно гласање.

Мандатот на претседателот на Советот трае две години, без право на повторен избор.

Советот, по предлог на претседателот на Советот, на истата седница на која се избира и претседател, избира и заменик кој го заменува во негово отсуство.

За претседател и заменик претседател на Советот не можат да бидат избрани министерот за правда и претседателот на Врховниот суд на Република Македонија.

## III. ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ

### Оглас за член на Советот

Член 9

Претседателот на Советот е должен најдоцна три месеца пред истекот на мандатот на Советот или на член на Советот:

- да распише оглас за избор на член на Советот од редот на судиите,
- да го извести претседателот на Собранието на Република Македонија да распише оглас за избор на член на Советот што го избира Собранието и
- да го извести претседателот на Република Македонија да му предложи на Собранието кандидат за член на Советот.

Во случај на предвремен престанок на мандатот од членот 7 став 3 на овој закон, претседателот на Советот ќе постапи согласно со ставот 1 од овој член во рок од 15 дена по престанокот на мандатот на членот на Советот.

### Времетраење на огласот

Член 10

Огласот од членот 9 на овој закон се објавува во "Службен весник на Република Македонија" и во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот кој го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните во Република Македонија.

Огласот трае 15 дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Од денот на распишувањето на огласот до денот на гласањето мора да поминат најмалку 30 дена.

### Услови за член на Советот од редот на судиите

Член 11

На огласот може да се јави секој судија кој во моментот на објавување на огласот врши судиска функција и кој ги исполнува следниве услови:

- да има најмалку пет години судиски стаж и
- да има позитивни оцени во последните три години во вршењето на судиската функција дадени од страна на Советот.

### Кандидатура

Член 12

Кандидатите својата кандидатура ја поднесуваат писмено до Советот.

Кон пријавата кандидатот доставува:

- потврда за судискиот стаж,
- биографски податоци за стручниот и професионалниот развој,
- оцените за резултатите во работењето за последните три години издадени од Советот,

- податоци за учество во стручна и професионална едукација, издадени од Академијата за обука на судии и јавни обвинители и
- изјава за која листа се пријавува.

**Комисија за подготвување на кандидатски листи**

Член 13

Советот од својот состав формира Комисија од три члена за подготвување на кандидатски листи (во натамошниот текст: Комисија).

Комисијата од навремено доставените кандидатури на кандидатите кои ги исполниле условите од членот 11 на овој закон изготвува кандидатски листи и ги доставува до Советот.

Кандидатските листи се подготвуваат по изборни единици, и тоа:
- како општа листа за кандидат од Врховниот суд на Република Македонија, -
како општа листа за кандидат од апелационо подрачје Скопје,
- како општа листа за кандидат од апелационо подрачје Битола,
- како општа листа за кандидат од апелационо подрачје Гостивар,
- како општа листа за кандидат од апелационо подрачје Штип и
- како единствена посебна листа на кандидати на судиите припадници на сите заедници кои не се мнозинство во Република Македонија за целата територија на Република Македонија.

Советот на седница ги утврдува кандидатските листи од ставот 3 на овој член.

Утврдените кандидатски листи Советот ги доставува до Комисијата за спроведување на избори за членови на Советот од редот на судиите, во рок од 15 дена од завршувањето на огласот.

**Комисија за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите**

Член 14

Советот од својот состав формира Комисија за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите (во натамошниот текст: Комисија за избор).

Комисијата за избор се состои од претседател, два члена и нивни заменици.

Комисијата за избор го подготвува изборниот материјал, формира изборни одбори и ги спроведува изборите.

Член 15

Член на Комисија за подготвување на кандидатските листи не може да биде и член на Комисија за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите и обратно.

**Избор по апелационите подрачја**

Член 16

При изборот на членовите на Советот од редот на судиите се зема предвид следнава застапеност на членовите од подрачјата на сите апелациони судови, и тоа:
- еден член се избира од апелационо подрачје Скопје,
- еден член се избира од апелационо подрачје Битола,
- еден член се избира од апелационо подрачје Гостивар,
- еден член се избира од апелационо подрачје Штип,
- еден член се избира од Врховниот суд на Република Македонија и

- тројца членови се избираат од редот на судиите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија од страна на сите судии запишани во Судскиот изборен именик.

## Судски изборен именик

Член 17

Судскиот изборен именик го води Министерството за правда и во него се содржани податоците за:

- име и презиме на судијата,
- единствен матичен број,
- судот во кој ја врши судиската функција,
- датумот кога прв пат е избран за судија,
- националната припадност,
- бројот на судската службена легитимација и -
место за забелешка.

Најдоцна пет дена по распишувањето на изборите Министерството за правда го доставува Судскиот изборен именик до сите судови во Република Македонија.

Судскиот изборен именик се става на увид во судот и секој судија има право во рок од три дена по писмен пат да побара исправка на податоците.

Министерот за правда во рок од три дена од приемот на барањето од ставот 3 на овој член одлучува со решение.

Против решението од ставот 4 на овој член може да се поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 24 часа по приемот на решението.

Надлежниот суд од ставот 5 на овој член донесува одлука во рок од 48 часа.

Министерството за правда најдоцна во рок од 20 дена од денот на распишувањето на изборите го заклучува Судскиот изборен именик.

## Начин на спроведување на изборите на членови на Советот од редот на судиите

Член 18

Изборите за членови на Советот од редот на судиите се спроведуваат во ист ден.

Изборите се спроведуваат на изборни места со број и со седиште во сите судови во Република Македонија, согласно со Законот за судовите.

Изборите по изборни места ги спроведува Изборен одбор формиран со решение од Комисијата за избори од членот 14 на овој закон.

Кандидат за член на Советот не може да биде член на Изборен одбор.

Изборниот одбор е составен од претседател и двајца членови од редот на судиите и/или стручните соработници од судот и нивни заменици.

Комисијата за избори од членот 14 на овој закон е должна Изборниот одбор да го формира седум дена пред денот на гласањето.

## Изборен материјал

Член 19

Изборниот материјал се состои од:

- кутии за гласање и паравани,
- обрасци за записници,
- блок со гласачки ливчиња според изводот од Судскиот изборен именик,

- листи на кандидати,
- извод од Судскиот изборен именик и
- друг материјал потребен за гласање.

**Гласачко ливче**

Член 20

Општото гласачко ливче содржи:
- назив на гласачкото ливче,
- изборна единица и назив на изборното место, -
сериски број и
- име и презиме на кандидатите според азбучен ред.

Посебното гласачко ливче содржи:
- назив на гласачкото ливче,
- изборна единица и назив на изборното место, -
сериски број,
- име и презиме на кандидатите, според азбучен ред,
- податоци за националната припадност на кандидатите и -
судот од кој кандидатот се кандидира.

Комисијата за избор го подготвува образецот на гласачкото ливче согласно со овој член.

**Доставување на изборниот материјал**

Член 21

Комисијата за избор го предава изборниот материјал на претседателот на Изборниот одбор најдоцна во рок од 24 часа пред одржување на изборите за што се составува записник.

**Спроведување на гласањето**

Член 22

Гласањето се спроведува во работен ден.

Гласањето започнува во 8,00 часот и трае непрекинато до 15,00 часот.

Судиите гласаат за кандидатите од општата листа од своето апелационо подрачје и за единствената посебна листа.

Судиите на Врховниот суд на Република Македонија гласаат за општата листата на кандидат од Врховниот суд на Република Македонија и за единствената посебна листа.

Судиите се идентификуваат со судиска легитимација и гласаат тајно.

Во 15,00 часот гласачкото место се затвора, а на судиите што се затекнале во просториите им се овозможува да гласаат.

Избирачкиот одбор може да го затвори гласачкото место и пред истекот на рокот од ставот 1 на овој член, ако гласале сите судии запишани во изводот од Судскиот избирачки именик.

**Записник за гласање**

Член 23

По затворање на гласачкото место Избирачкиот одбор најдоцна до 18,00 часот составува записник за текот и резултатот на гласањето и ја известува Комисијата за избор.

Во записникот се внесуваат податоци:

- за вкупниот број на излезени гласачи што гласале,
- за вкупниот број на гласови што ги добил секој кандидат, -
за бројот на неважечки ливчиња и
- забелешка за текот на гласањето.

Избирачкиот одбор во рок од 24 часа го доставува записникот со резултатите од гласањето и другиот избирачки материјал до Комисијата за избор.

**Неважечко гласачко ливче**

Член 24

Гласачкото ливче е неважечко доколку не е пополнето или има заокружено поголем број на кандидати од бројот што се избира според изборната единица.

**Изборен резултат**

Член 25

Комисијата за избор ги сумира резултатите од изборните места и го утврдува изборниот резултат во изборните единици најдоцна во рок од 48 часа од моментот на затворање на изборите.

За избран член на Советот се смета кандидатот што добил најголем број гласови по изборни единици.

Ако повеќе кандидати добиле најмногу и еднаков број гласови од една изборна листа, изборите за овие кандидати ќе се повторат во рок од седум дена од денот на гласањето.

Комисијата за избор на избраните членови на Советот од редот на судиите им издава уверение.

Формата и содржината на уверението ќе ги пропише со акт министерот за правда.

**Членови на Советот што ги избира Собранието на Република Македонија**

Член 26

Членовите на Советот што ги избира Собранието на Република Македонија, како и членовите што ги избира Собранието на Република Македонија по предлог на претседателот на Република Македонија, се од редот на универзитетски професори по право, адвокати и други истакнати правници.

**Седница на Собранието на која се избираат членови на Советот**

Член 27

На иста седница на Собранието на Република Македонија се врши изборот на членови на Советот што ги избира Собранието по предлог на надлежното работно тело на Собранието на Република Македонија и по предлог на претседателот на Република Македонија од редот на кандидатите кои се јавиле на огласот.

Седницата на Собранието на Република Македонија на која се избираат членовите од ставот 1 на овој член е итна и ќе се одржи во рок од најмногу 30 дена од изборот на членови за Советот што се избираат од страна на сите судии.

## Свечена изјава

Член 28

Избраните членови на Советот и членовите по функција даваат свечена изјава пред претседателот на Собранието на Република Македонија.

Свечената изјава гласи:

“Изјавувам и се колнам дека функцијата член на Судски совет на Република Македонија ќе ја вршам совесно, одговорно и чесно и ќе ги почитувам Уставот на Република Македонија, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија”.

Свечената изјава новоизбраните членови ја потпишуваат.

Избраните членови и членовите по функција на Советот свечената изјава ја даваат на македонски јазик и ја потпишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Избраните членови на Советот припадници на заедниците кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, свечената изјава ја даваат на македонски јазик, а ја потпишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на таа заедница.

На новоизбраниот член му се дава примерок од потпишаната свечена изјава.

## Конституирање на Советот

Член 29

Конститутивната седница се одржува во рок од 30 дена од изборот на мнозинството членови на Советот.

Конститутивната седница ја свикува претседателот на претходниот Судски совет.

Со конститутивната седница претседава најстариот член на Советот, до изборот на претседател на Советот.

## Престанок на мандат на член на Советот

Член 30

На член на Советот му престанува мандатот:

1) со истекот на времето за кое е избран;

2) по негово барање;

3) со исполнување на условите за старосна пензија согласно со законот;

4) ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца или друго кривично дело кое го прави недостоен да ја врши функцијата член на Судскиот совет;

5) ако на член на Советот му се утврди трајна неспособност за вршење на функцијата и

6) ако е избран на друга јавна функција или професија.

Во случајот од ставот 1 точка 2 на овој член мандатот престанува кога Советот, односно Собранието на Република Македонија на седница ќе ја усвои оставката.

Во случајот од ставот 1 точка 4 на овој член мандатот престанува со денот на правосилноста на пресудата.

Во случајот од ставот 1 точка 5 на овој член мандатот престанува кога Советот на седница ќе утврди исполнување на условот врз основа на претходно спроведена постапка, односно кога Собранието на Република Македонија по предлог на Советот ќе утврди и ќе изгласа исполнување на услов престанок на мандатот за член на Советот избран од Собранието.

Во случај од ставот 1 точка 6 на овој член мандатот престанува со изборот на друга функција или професија.

## IV. НАДЛЕЖНОСТ, ОРГАНИЗАЦИЈА И НАЧИН НА РАБОТА НА СОВЕТОТ

### Надлежност

Член 31

Советот е надлежен:

- да ги избира и разрешува судиите,
- да ги избира и разрешува претседателите на судовите,
- да утврдува престанок на судиската функција,
- да избира и разрешува судии поротници,
- да ја следи и оценува работата на судиите,
- да одлучува за дисциплинска одговорност на судиите,
- да утврдува престанок на судиска функција поради трајна неспособност за работа на судија,
- да одлучува за одземање на имунитет на судија,
- да одлучува по барање за одобрување на притвор на судија,
- да предлага двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија од редот на судиите,
- да одлучува за времено отстранување на судија од вршење на судиска функција, -
да го утврдува бројот на потребните судиски места по судови,
- да ги разгледува и оценува тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите,
- да се грижи за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството,
- да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите,
- да поднесува извештај за работата,
- да донесе деловник и други општи акти со кои ги уредува работите од својата надлежност и
- да врши и други работи утврдени со закон.

### Работа на седници

Член 32

Работите од своја надлежност, Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница.

Претседателот на Советот ги свикува седниците и со нив раководи.

Претседателот е должен да свика седница и по предлог на најмалку пет члена на Советот.

Седница може да се одржи ако е присутно мнозинството од вкупниот број членови, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Предлогот на дневниот ред се утврдува со мнозинство гласови од присутните членови.

Поканата за седница со предлог на дневниот ред и со материјалите се доставува до членовите на Советот најмалку седум дена пред одржувањето на седницата.

Поради итни и неодложни работи, седницата на Советот може да се закаже и одржи и во пократок рок од рокот утврден во ставот 6 на овој член.

**Јавност во работата**

Член 33

Седниците на Советот се јавни.

Јавноста може да биде исклучена само со одлука на Советот заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија. За исклучување на јавноста од седниците, Советот одлучува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

За работата на седницата на Советот се води записник и стенографски белешки.

**Претседател на Советот**

Член 34

Претседателот на Советот:

- го претставува Советот,
- претседава и раководи со седниците,
- учествува во работата и во одлучувањето на Советот,
- ги потпишува одлуките, предлозите, решенијата и другите акти на Советот и се грижи за нивно извршување и
- се грижи за спроведување на Деловникот на Советот и врши и други работи определени со закон и Деловникот.

**Еднаквост на членовите на Советот**

Член 35

Членовите на Советот во вршењето на функцијата член на Советот се еднакви во правата и обврските.

**Права, обврски и одговорности на член на Советот**

Член 36

Член на Советот ги има следниве права, обврски и одговорности: -

учествува во работата и во одлучувањето на Советот,

- дава иницијативи, предлози и мислења по прашања од надлежност на Советот,
- учествува во работата на работните тела на Советот во кој е избран,
- по заклучок на Советот остварува увид во работата на судија и презема други дејствија и за тоа му поднесува извештај на Советот,
- одговорен е за повреда на Уставот и закон во врска со вршење на функцијата во Советот и
- врши и други работи определени со овој закон.

**Деловник за работа на Советот**

Член 37

Советот донесува Деловник за работа со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Со Деловникот за работа на Советот се уредува постапката и начинот на работа на Советот, и други прашања од надлежност на Советот.

Деловникот за работа се објавува во “Службен весник на Република Македонија”.

## V. ИЗБОР, ПРЕСТАНОК И РАЗРЕШУВАЊЕ НА СУДИЈА И СУДИЈА-ПОРОТНИК

**Утврдување на слободни судиски места во основните судови**

Член 38

Советот најдоцна до крајот на февруари во тековната година, со одлука го утврдува бројот на слободните судиски места за основните судови во Република Македонија за наредните две години и одлуката ја доставува до Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

**Огласување на избор за судија**

Член 39

Советот донесува одлука за објавување на оглас за избор на судија веднаш по упразнување на судиското место, или по утврдена потреба за судиско место.

Огласот се објавува во “Службен весник на Република Македонија” и во најмалку два дневни весника од кои еден на друг јазик различен од македонскиот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и трае 15 дена од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**Избор на судија на основен суд**

Член 40

Советот избира судија на основен суд од листата на кандидати доставена од Академијата за обука на судии и јавни обвинители што се јавиле на огласот.

Доколку кандидатот не се јави на три последователни огласи за судија го губи утврдениот приоритет од листата на кандидати на Академијата за избор за судија.

**Избор на судија на повисок суд**

Член 41

Советот избира судија во апелационен суд, Управниот суд на Македонија и Врховниот суд на Република Македонија од пријавените кандидати на огласот што ги исполнуваат условите и критериумите предвидени во Законот за судовите и овој закон.

Советот за судија ќе избере лице кое има највисоки стручни и професионални квалитети, кое ужива углед во вршењето на судиската функција, а врз основа на следниве критериуми:

1) стручно знаење во струката, при што се земаат предвид специјалистичките, постдипломските студии и учеството во континуираната едукација;

2) односот кон работата, при што се зема предвид постигнатиот однос меѓу презелениот и очекуваниот обем и ажурност во извршувањето на работата на судијата;

3) способност за разрешување на правните прашања, при што се зема предвид достигнатиот степен на правилноста и законитоста на судското одлучување и утврдување, пред се, во постапките со правните средства;

4) чувањето на угледот на судијата и судот, што се утврдува од начинот на водењето на постапката, комуникацијата со странките и другите органи, чувањето на независноста, непристрасноста, доверливоста, значајноста и однесувањето кон работата и надвор од неа;

5) способност за усно и писмено изразување, што се огледа преку изготвените одлуки и судското стручно дејствување;

6) преземањето дополнителна работа во вршење на судиската функција со учество во решавање на заостанати предмети;

7) преземање дополнителна работа при вршење на судиската функција преку менторство, едукација и слично;

8) односот со соработникот и судската администрација и

9) способноста за вршење на задачи од раководен карактер.

Доколку кандидатот не е од редот на судиите, Советот прибавува мислење од правното лице каде што кандидатот работел, како и од други институции за неговиот стручен и професионален развој во областа на правото и неговата примена.

**Одлука за избор на судија**

Член 42

За избор на судија, Советот расправа и одлучува на седница на која присуствуваат најмалку две третини од членовите на Советот.

За судија е избран кандидатот кој добил две третини гласови од вкупниот број на членови на Советот.

**Правична и соодветна застапеност во изборот на судии претседатели на судови**

Член 43

Кога Советот избира судија и претседател на основен суд и апелационен суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, одлучува согласно со членот 42 од овој закон, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Кога Советот избира претседател и судија на Врховниот суд на Република Македонија, одлучува согласно со членот 42 од овој закон, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

**Избор на претседател на суд**

Член 44

Советот избира претседател на суд од пријавените кандидати судии на оглас за избор на претседател на суд со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Советот за претседател ќе избере лице кое ги исполнува условите и критериуми утврдени со Законот за судовите.

**Повторно огласување на избор**

Член 45

Доколку по спроведена постапка за избор на судија или претседател на суд, Советот утврди дека ниту еден од пријавените кандидати на огласот за судија, односно претседател на суд не ги исполнил условите за избор за судија, односно претседател на суд, или не бил избран за судија, односно претседател на суд, ќе донесе одлука за повторно огласување на изборот на судија, односно претседател на суд.

## Избор и разрешување на судии-поротници

Член 46

Советот избира и разрешува судии-поротници по предлог на претседателот на надлежниот основен и апелационен суд.

Советот го утврдува бројот на судиите-поротници по предлог на претседателот на судот за кој се избираат судиите-поротници.

Кога Советот избира судија-поротник во суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

## Престанување на судиска функција

Член 47

Советот со решение ќе утврди престанок на судиска функција на судија, кога е исполнет некој од основите утврдени со Уставот, на начин определен со овој закон, и тоа:

1) по барање на судијата;

2) ако трајно ја загуби способноста за вршење на судиска функција;

3) ако ги исполни условите за старосна пензија;

4) ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца и

5) ако е избран или именуван на друга јавна функција, освен во случаи на мирување утврдени со закон, со денот на изборот или именувањето на друга јавна функција или професија.

## Престанок на судиска функција по барање на судија

Член 48

Советот донесува решение за престанок на судиската функција на судија, кога сам ќе го побара тоа, без посебно да ги испитува причините на барањето.

## Престанок на судиска функција поради трајно губење на способност за нејзино вршење

Член 49

Советот со решение ќе утврди престанок на судиска функција на судија, поради трајно губење на способноста за вршење на судиската функција .

Трајното губење на способноста за вршење на судиската функција се утврдува врз основа на документација со наод, оцена и мислење на надлежна здравствена комисија.

Постапка за утврдување на трајно загубената способност за вршење на судиска функција, Советот поведува по службена должност кога сам ќе дојде до такво сознание, или кога таква иницијатива ќе даде претседателот на судот во кој судијата ја врши функцијата или претседателот на повисокиот суд или општата седница на Врховниот суд на Република Македонија.

Постапката за поведување и утврдување на трајно загубената способност, поблиску се уредува со правилник што го донесува Советот.

### Престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија

Член 50

Советот донесува решение за престанок на судиска функција на судија кога се исполнети условите за стекнување на право за остварување на старосна пензија, определени со закон.

### Престанок на судиска функција поради сторено кривично дело

Член 51

Советот со решение ќе утврди престанок на судиската функција на судија кога судијата е осуден за сторено кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца, по правосилноста на пресудата со која е изречена оваа казна.

Првостепениот суд што ја донел одлуката без одлагање ќе достави до Советот примерок од пресудата со која судијата е осуден за сторено кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца.

### Престанок на судиска функција поради избор или именување на друга јавна функција

Член 52

Советот со решение ќе утврди престанок на судиска функција на судија кога е избран или именуван на друга јавна функција, освен во случај кога со закон е предвидено мирување на судиска функција, со денот на изборот, односно именувањето.

Органот кој го избрал, односно именувал судијата на друга јавна функција е должен на Советот веднаш да му го достави актот за именување, односно избор.

### Основи за разрешување на судија

Член 53

Судијата се разрешува од судиската функција:

1) поради сторена потешка дисциплинска повреда пропишана со закон што го прави недостоен за вршење на судиската функција и

2) поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, утврдено со закон.

### Утврдување на потешка дисциплинска повреда

Член 54

Советот со решение ќе разреши судија поради потешка дисциплинска повреда пропишана со закон, кога во дисциплинска постапка ќе се утврди дека судијата сторил потешка дисциплинска повреда која го прави недостоен за вршење на судиската функција, по правосилноста на одлуката за дисциплинската одговорност на судијата.

### Дисциплинска постапка

Член 55

Дисциплинска постапка се поведува по барање на член на Советот, претседателот на судот, претседателот на повисокиот суд или општата седница на Врховниот суд на

Република Македонија во рок од три месеца од денот на осознавање на сторената повреда, но не подолго од една година од денот на сторувањето.

Дисциплинската постапка е итна и од доверлив карактер.Се води без присуство на јавноста и со почитување на угледот и достоинството на судијата.

Советот од своите редови формира Дисциплинска комисија во состав од пет члена.

Судијата има право да се изјасни писмено или усно по барањето за поведување дисциплинска постапка во рок од осум дена од денот на приемот на известувањето за барањето.

Судијата против кој е поднесено барањето има право на бранител.

Дисциплинската комисијата кога ќе го добие барањето, прибавува податоци и поднесува извештај со предлог за основаноста на барањето до Советот кој одлучува за поведување на постапката или за запирање на постапка.

Кога Советот ќе донесе одлука за поведување на дисциплинска постапка одлуката ја доставува до подносителот и до судијата, а предметот со сите списи и го предава на Дисциплинската комисија од ставот 3 на овој член.

Советот ќе донесе Правилник со кој ќе се уреди текот на постапката и водењето на постапката.

## Одлуки на Советот

Член 56

Врз основа на извештајот од членот 55 став 6 на овој закон и расправата на седницата Советот може:

- да ја запре дисциплинската постапка,
- да изрече дисциплинска мерка соодветно на сторената повреда и
- да го разреши судијата поради сторена потешка дисциплинска повреда.

## Дисциплински мерки

Член 57

За утврдената дисциплинска одговорност на судија, Советот може да ги изрече следниве дисциплински мерки:

- писмена опомена,
- јавен укор и
- намалување на плата во висина од 15% до 30 % од месечната плата на судијата, во траење од еден до шест месеца.

## Постапка за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција

Член 58

Постапката за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција се води согласно со членот 55 од овој закон, а ја спроведува Комисија за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Советот од своите редови формира Комисија за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција составена од пет члена.

Член на Комисија за дисциплинска постапка не може да биде член и на Комисијата од ставот 2 на овој член.

Врз основа на извештајот од членот 55 став 6 на овој закон и расправата на седницата Советот може да:

- ја запре постапка и
- го разреши судијата поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

## Времено отстранување од вршење на судиската функција

Член 59

Советот може времено да отстрани судија од вршење на судиската функција кога е поведена постапка за утврдување на одговорност на судијата, согласно со Законот за судовите.

## Право на жалба

Член 60

Против одлуката на Советот судијата има право на жалба до Советот за одлучување по жалбите на Судскиот совет против решенија за разрешување или изречена дисциплинска мерка формиран при Врховниот суд на Република Македонија.

Советот за одлучување по жалба е составен од девет члена од кои: тројца судии на Врховниот суд на Република Македонија, четворица судии од апелационите судови и двајца судии од судот од кој е судијата против кој е водена постапката.

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија не може да биде член на Советот од ставот 1 на овој член.

## Предлог за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија

Член 61

Советот од редот на судиите, по претходно утврдена оцена на нивните вкупни резултати во работата и придонесот за развојот на стручната и теоретската мисла и на правниот систем, му предлага на Собранието на Република Македонија двајца кандидати за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија.

Предлогот од ставот 1 на овој член Советот го утврдува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови, на начин и по постапка определени со Деловникот за работа на Советот.

## Одземање на имунитет на судија

Член 62

Советот одлучува за одземање на имунитет на судија во случаи утврдени со закон, на седница на Советот со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови.

## Одлучување по барање за притвор

Член 63

Советот на седница одлучува по барање за одобрување на притвор на судија, односно по известувањето дека судијата е притворен .

Советот по известувањето за притвор на судија што не се повикал на имунитет, може да одлучи да се примени имунитетот врз судијата, ако оцени дека тоа е потребно за вршење на судиската функција.

Ако Советот не одобри притвор, судијата веднаш ќе биде пуштен на слобода.

Постапката во која Советот одлучува за одземање на имунитет на судија е итна и се спроведува во рок од три дена од доставеното барање, односно известувањето за притвор.

**Извештај за работата**

Член 64

Советот за својата работа поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија.

Извештајот од ставот 1 на овој член јавно се објавува. Во извештајот се содржани податоци:

- за бројот на избраните и разрешените судии и судиите поротници, - за бројот на поведени и завршени дисциплински постапки,
- за кадровската состојба во судството,
- за материјално-финансиската состојба во судството,
- оцена за соработката и односите на судовите со другите правосудни органи и органите на законодавната и извршната власт,
- оцена на состојбата во судството за заштита на човековите права и основни слободи и
- податоците за постапување по претставки и предлозите од граѓаните и институциите за работата на судиите и судовите.

Извештајот содржи и оцени за работата на судиите во Република Македонија во однос на квалитетот и ажурноста на нивната работа, како и други прашања во врска со остварувањето на независноста и самостојноста на судството.

Советот на седница го усвојува извештајот за својата работа со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број членови и го поднесува до Собранието на Република Македонија на разгледување и усвојување.

По усвојувањето на извештајот за својата работа, Советот го доставува до сите судови во Република Македонија.

Доколку Собранието не го усвои извештајот, тоа ќе биде основ за поведување на расправа пред органите што ги избрале членовите на Судскиот совет за оцена на нивната работа во советот.

## VI. СТРУЧНА СЛУЖБА НА СОВЕТОТ

Член 65

Советот има Стручна служба.

Со Стручната служба раководи генерален секретар.

Советот донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места.

При вработувањето во Стручната служба на Советот се обезбедува правична и соодветна застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници во Република Македонија.

Член 66

Советот од редот на судските службеници или раководни државни службеници именува генерален секретар, врз основа на конкурс.

Кандидатите за генерален секретар, покрај општите услови за засновање работен однос во суд, односно условите утврдени со Законот за државните службеници, треба да имаат и осум години работен стаж по положен правосуден испит.

## VII. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА

### Член 67

Средствата за работа на Советот се обезбедуваат од Републичкиот буџет од делот означен со Судска власт.

### Член 68

Платата на членовите на Советот, генералниот секретар и на судските службеници се определува со закон.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 69

Првиот избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија, согласно со овој закон, ќе го спроведе Комисија формирана од Министерот за правда и Врховниот суд на Република Македонија и тоа во состав од пет члена од Министерството за правда и четири члена од Врховниот суд на Република Македонија.

При првиот избор на членови на Советот од редот на судиите кандидатите за членови на Советот од редот на судиите не треба да ги доставуваат податоците предвидени во членот 12 став 2 алинеја 3 од овој закон.

Постапката за избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија, Министерството за правда е должно да ја започне во рок од 30 дена од денот на примената на Законот.

Деловникот за работа Советот ќе го донесе во рок од 30 дена од денот на неговото конституирање.

Актите за внатрешна организација и систематизација на работите и задачите ќе ги донесе Советот во рок од 30 дена од денот на конституирањето.

Другите акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од конституирањето на Советот.

Правилникот за формата и содржината на уверението, министерот за правда ќе го донесе во рок од 30 дена од конститутивната седница на Советот.

### Член 70

Мандатот на членовите на Републичкиот судски совет трае до денот на конституирањето на Судскиот совет на Република Македонија.

Со денот на конституирањето на Судскиот совет на Република Македонија, вработените во Републичкиот судски совет продолжуваат да ги вршат работите и работните задачи во Советот, а со донесување на актите за внатрешна организација и систематизација се распоредуваат на соодветните работни места.

### Член 71

Со денот на примената на овој закон престанува да важи Законот за Републички судски совет (“Службен весник на Република Македонија” број 80/92, 50/99 и 43/2003).

### Член 72

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува на 1 септември 2006 година.